Архивски знак / Shenja Arkivore 0101
Рок на чување / Afati i ruajtjes Трајно
17.03.23 г.
Деловодител / Nënshkrim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1140/4
15.03.2023 год.-vit
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА-СТРУГА
UNIVERZITETI NDERKOMBETAR NE STRUGE-STRUGE

| Примено / Pranuar | 17.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орга. единица / Njës organizative | Број / Numër | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera |
| 01 | 135/1 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 54 седница одржана на 09.03.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Економија и бизнис", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга**

1. Се акредитира студиската програма „Економија и бизнис", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран економиста од областа на економијата и бизнис /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Economics sciences in the fiel of economics and business.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки, Научно – истражувачка област: 50300 Економска теорија, 50302 Применета економија, 50309 Меѓународна економија.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 160 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-497/2 од 03.11.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Економија и бизнис", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки, Меѓународен Универзитет во Струга, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-501/1 од 14.11.2022 година (наш бр. 08 -1140/1 од 15.11.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 46-та седницата одржана на 16.11.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1140/3 од 13.03.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 54-та седница одржана на 09.03.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова